Стојан ЈОРДАНОВСКИ

# СОЦИЈАЛИСТИЧКОТО САМОУПРАВНО ОПШТЕСТВО И ОБРАЗОВАНИЕТО

„Општествениот живот е всушност практичен. Сите мистерии што ја одвлекуваат теоријата во мистицизмот наоѓаат свое рационално решение во човековата практика и во разбирањето на таа практика". К. Маркс, VIII теза за Фоербах.

Од Марксовото учење е познато дека промените во системите на воспитанието и образованието во основа се условени од вкупните промени во општеството, а пред сѐ, од промените во производствените односи. Тоа, се разбира, се однесува и на промените во воспитанието и образованието во нашата земја. Но, системите на воспитанието и образованието во духот на Марксовото учење не се сфаќаат како проста последица од промените во областа на материјалното производство, туку и како една од битните претпоставки за вкупните општествени промени. Поради тоа образованието е, така да се каже, во центарот на концептот на социјалистичкото самоуправување. Имено, социјалистичкото самоуправно општество не само што треба да ја ослободи индивидуалната работна волја и материјално и морално да ја стимулира за да твори повеќе и подобро, туку во исто време треба „да го обезбеди нејзиното постојано општествено и стручно образование".[1]) Со други зборови кажано, се работи за воспитно-образовниот систем, зашто преку него најекономично и општествено најцелесообразно може да се обезбеди таквото образование. Од ова би можело да се изведат најмалку два значајни заклучоци: прво, дека ослободената работна волја на поединецот во процесот на трудот треба да се раководи од потребните знаења и тоа стручни (за најразличните струки) и општествени кои во себе треба да вклучуваат и

[1]) Е. Кардељ, „Социјалистичката демократија во југословенската практика", Култура, Скопје, 1958.

соодветни знаења за самоуправување и второ, во самоуправното општество образованието ќе може да ја врши таа значајна општествена функција доколку и самото биде самоуправно организирано и така да функционира и да се поврзува со другите сфери на општествениот труд и живот.

Во врска со ова се поставува прашањето: Дали образованието навистина дава соодветен квалитет на стручни, односно општествени знаења и во неразделна врска со тоа дали е на адекватен начин самоуправно организирано и дали така функционира и врз тие основи ја воспоставува својата врска со општеството како целост? Поради мошне сложените меѓусебни односи и влијанија, истражувањето на оваа проблематика би можело да биде корисно не само за образованието, туку и за самоуправното општество пошироко.

Во овој поглед неопходно е претходно да се истакне дека од ослободувањето наваму во воспитно-образовната област се постигнати огромни резултати, но и тоа дека самоуправната трансформација на оваа област се одвива споро и со низа недоследности и од различно значење, но поради ограниченост на просторот овде ќе стане збор само за некои од нив и тоа во општи црти. Несомнено е дека овде посебно значење има и методолошкиот пристап кон вкупноста на оваа проблематика.

Една од причините за бавната трансформација на оваа област и за недоследностите што притоа ја следат е и фактот дека на самоуправување прво се премина во производствените дејности, а по повеќе години и во општествените, па во тој ред и во образованието. Но, не помал удел во тоа има и недостатната истражувачка дејност, односно нејзината предимно емпиристичка усмереност со паралелен пад на квалитетот во воспитно-образовната дејност.[1]) Покрај останатото, ова услови речиси механичка примена на дотогаш познатите облици на самоуправување, без доволно да се води сметка за специфичниот карактер на трудот во оваа област, за нејзината релативна самостојност и сл. А познато е дека социјалистичкото самоуправување не може да значи некаква произволност по однос на карактерот на трудот и нему својствената технологија, туку како општествен однос има смисла само во ослободувањето на творечката волја во процесот на трудот низ новиот тип на односи, но со полно почитување на законитостите на соодветната технологија на трудот, па и нејзино побрзо унапредување отколку во други општествени односи. Се разбира, ова се однесува и на трудот во областа на образованието, зашто и тука мора да се почитуваат бројни законитости и барања. Без тоа би имало огромни тешкотии во „производството" на знаења, воспитни влијанија и вкупниот развој на личноста или би се минувало преку тоа, зашто по природата на нештата ова во општеството

---

[1]) За ова пошироко во интервјуто на проф. д-р П. Шимлеша по Конгресот на педагозите на Југославија, „Новости" од 4. XI. 1977.

не се чувствува во вид на недостиг на потрошувачки добра и сл., иако последиците за општеството може да бидат мошне штетни. Разликата од другите образовни системи би била во тоа што овде се работи за ослободени односи во трудот од класни, бирократски, технократски и други притисоци врз воспитувачите и воспитаниците, што всушност и води кон ослободување на творечката волја, хуманизирање на меѓучовечките односи и сл., што треба да се изрази и преку зголемување на резултатите од трудот.

Накусо, самоуправувањето не е нешто што однадвор се наметнува независно од специфичниот карактер на разните видови труд, туку како нешто што е во неразделна врска со карактерот на трудот како со своја содржина, зашто основните односи меѓу луѓето и се формираат во процесот на трудот и претставуваат основа за вкупните односи во општеството. Оттука, доколку самоуправните односи недоволно ја опфаќаат таа содржина, ја губат својата смисла и се формализираат. Се чини дека во голема мера ова е случај со самоуправувањето во областа на воспитанието и образованието, главно поради тоа што недоволно доаѓа до израз содржината која што е во неразделна врска со специфичностите на трудот во оваа област.

Повоопштено говорејќи тие специфичности се состојат во тоа што воспитно-образовниот процес претставува, пред сè, специфичен процес на познание за чие успешно одвивање се потребни не само знаења од одделните области (што се објект на познанието), туку и познавање и применување на низа законитости (психолошки, дидактички, методски), па во таа смисла барем условно би можело да се зборува за специфична технологија на трудот во оваа област. Резултатот од тој труд треба да биде, така да се каже, „производството" на релевантни знаења (општествени и стручни), вештини и навики врз чија основа ќе се остваруваат широки воспитни влијанија и вкупниот развој на личноста. Тоа значи дека наставникот нема објект на трудот во традиционалната смисла на зборот, туку личности со целата сложеност на нивниот духовен живот на кои, исто така, им е потребно ослободувањето на работната волја. Работејќи со нив просветниот работник пред сè треба да создава и да поддржува потребна интелектуално-психолошка атмосфера за да може да функционира системот наставник—аудиториум — секој одделен ученик, без што не е ни можно успешно да се одвива овој специфичен процес на познание кај секој ученик како сопствен познавателен процес и да се остваруваат другите ефекти. Исто така на овој процес му се својствени специфични објективни спротивности, како што се, на пример, движењето од незнаење кон знаење, од помалку потполни кон попотполни знаења, разлики во сфаќањата за одмереноста и реалноста на барањата, за објективноста при вреднувањето на знаењата итн.

Сè ова укажува на разновидноста и сложеноста на односите во оваа специфична област на трудот. Но она што овде доминира и што претставува основа, тоа се односите наставник—ученик и односите ученик—ученик во паралелката, односно студиската година сфатени како своевидна работна единица во која се одвива овој специфичен облик на трудот. Затоа од нив треба да бидат изведени другите односи, сè до самоуправното поврзување на оваа област со другите области на трудот и животот, за да остане образованието верно на себеси. Се разбира, изведените односи и облици на самоуправување во контекстот на напред изложеното треба да го помогнат самиот воспитно-образовен процес.

Дека во двете споменати релации соработката се јавува како природна потреба докажува и фактот дека таа доаѓала до израз дури и во реакционерните општествени системи и ним соодветните системи на воспитание и образование иако во целина доминираат детерминантите што произлегуваат до класно-експлоататорскиот карактер на општествениот систем. Меѓутоа, таа соработка во воспитно-образовниот процес во самоуправното општество не треба да биде препуштена на повремена партиципација и сл., а во целина да си останат авторитарните односи својствени на старите системи, туку да се издигне на ниво на содржајно самоуправување како општ принцип.

Слично е и со односите ученик—ученик. И овие односи му се природно својствени на наставниот процес, пред сè поради тоа што се работи за субјект со чие посредство се остварува воспитно-образовниот процес. Воспитно-образовната организација (училиштето), во која се создава и јавно мислење по најразлични прашања во врска со работата, што може да има и пресудно влијание за односот кон работата, па според тоа и за резултатите. Се разбира, понекогаш, зависно од различни околности, јавното мислење може да ориентира и кон негативни појави, па и деструктивни акции. Но во правило, учениците (студентите) се конструктивни зашто во основа намерата им е да научат културно-значајни содржини. Точно поради тоа нивните мислења и предлози треба да бидат ослободени од разни стеги и да се користат како позитивен фактор во заедничката работа како општ принцип. Според д-р Владимир Бакариќ овде се поставува прашањето „што треба еден ученик или студент да решава во самоуправувањето, на што да влијае, односно во која мера да влијае тој, а во која мера некој друг и тој систем на одговорност да се постави во еден систем на меѓузависност и меѓуодговорност".[1])

---

[2]) Просветен работник од 16. II 1983 год., Скопје, стр. 7 (Изводи од дискусијата во Ц.К. на Сојузот на младината на Хрватска 1969 год.

Точно таа меѓузависност и меѓуодговорност е значајна за постигање на подобри резултати од трудот во оваа област, зашто е во неразделна врска и со односите наставник—ученик. Со право се вели дека самоуправувањето овде има двојна функција — тоа „во исто време е и општествен однос и пат за формирање на личноста".[3])

По себеси се разбира дека пристапот овде треба да биде диференциран, зашто самоуправувањето треба да се поврзе со реалните можности на разните категории ученици за прифаќање на својот пол на одговорноста во овој специфичен педагошки однос.

Меѓутоа, во нашата практика како да се губи оваа смисла на самоуправувањето, односно неговата непосредна поврзаност со самиот процес на трудот. Така, на пример, таканаречената ученичка, односно студентска самоуправа за своја главна содржина ги нема односите во наставата и во врска со неа како основни и доминантни, туку разни други прашања кои сами по себе може да бидат и значајни, но во однос на основното се периферни. Самиот факт на делење на самоуправувањето без доволно врски и заемни влијанија (меѓузависност и меѓуодговорност), покажува дека единствениот процес на трудот вештачки се разделува, па оттука самоуправувањето се формализира. На тој начин, наместо самоуправно надминување на спротивностите што му се објективно својствени на трудот во оваа област и во врска со него низ квалитетен труд и хумани меѓучовечки односи, тие или се прикриваат, или еднострано се укинуваат низ авторитарни односи, или се пројавуваат во вид на разни ексцеси и сл.

Кога кон ова ќе се додадат и негативните надворешни влијанија, кои, за жал, во нашето општество ги има и се во врска со малограѓанската психологија, недоволната одговорност, запоставувањето на моралното стимулирање наспроти преforsираното и многу често неадекватно материјално стимулирање и сл., тогаш уште повеќе се смалува позитивниот однос кон трудот, а во врска со тоа и кон самоуправувањето кое би требало да значи ослободување на работната волја за постигање на поголеми резултати. Наспроти тоа, доаѓа до израз она што води кон „успех" со што помал труд. Во оваа смисла образованието повеќе години е во криза.

И натамошното ширење на самоуправните односи од основната работна единица (паралелка, односно студиска година која по бројот на студентите навистина може да биде работна единица), преку воспитно-образовните организации како целини и нивните асоцијации, па сè до општеството како целина, не

[3]) „Комунист", 3 јуни 1974 год., стр. 55.

се остварува доследно. Покрај останатото, една од главните причини за тоа е пак недоволното почитување на специфичниот карактер на трудот во оваа област.

Поради недоследностите во базичните и изведените односи, се јавуваат и бројни слабости кои претставуваат сериозна пречка во квалитетното остварување на општествената функција на воспитанието и образованието. Една од тие слабости е во олабавувањето на критериумите за квалитет, за успешност. Така, на пример, само до пред неколку години во средното образование ова се пројавуваше на мошне драстичен начин, зашто ученик со слаби оценки на крајот од годината дури и по десет предмети, одеше на поправен испит и не ретко „успеваше" да ги положи?! Се разбира, штетите се огромни и за тие што „успеале" и за општеството, а системот на образованието се девалвира. Тоа е подоцна отстрането, но лабавоста и натаму се чувствува и е во директна врска со неразвиените самоуправни односи во самиот процес на трудот и односите во врска со него. Просто како да се сфаќа самоуправната трансформација на воспитанието и образованието и како олабавување во работата, наместо спротивното — подобар однос кон работата, поквалитетна и поефикасна работа. Или, на пример, и денес се прифаќа работна единица од по 200 студенти, наводно заради заштеда на средства. А се знае дека тоа не е согласно со технологијата на трудт во оваа област од простата причина што од толку голема група не е можно да се направи аудиториум во смисла на создавање на неопходна интелектуална психолошка атмосфера на готовност за усвојување на знаења, таа атмосфера да се одржува во текот на целиот наставен час, да се добиваат потребните повратни информации итн. Оттука, тоа не е и не може да биде наставно-воспитен процес во вистинската смисла на зборот, туку своевидно девалвирање на наставата. Се разбира, резултатите од ваквата работа се ниски, па привидно евтиното всушност станува многу скапо и општествено нецелесообразно.

Образованието ослободено од слабостите што денес го притискаат многу подобро и повеќе може да придонесе за општеството како целина, покрај останатото и со тоа што со својот квалитет ќе врши правилна и правична распределба на учениците на разни нивои на стручност според нивните лични можности и залагање за напредување. Тоа е една од неговите значајни општествени функции. Овде суштината на проблемот не е во тоа дали на денешниот степен од економскиот развој општеството може да поднесе толку масовно високо образование, туку во тоа дали со вистински критериуми, правилност и правичност се доаѓа до тоа. Со други зборови, образованието

општествените проблеми може да ги решава главно по своите критериуми и мерила. Инаку решенијата ќе бидат привидни, а проблемите всушност ќе се мултиплицираат.

Она што ги заострува состојбите во областа на воспитанието и образованието е перманентното и сè поголемо заостанување во стимулирањето на трудот на просветните работници, како и отсуството на организирана општествена грижа да се запре негативната селекција на идните кандидати за наставничката струка. Поради тоа сè повеќе се среќаваат примери каде наместо да се работи согласно законитостите и барањата на самиот процес на трудот и низ содржајни самоуправни односи во тој процес, така да се каже работата се влечка.[1]) Од своја страна тоа се јавува и како една од значајните причини за инертноста и незаинтересираноста и на учениците. Колку тоа го девалвира образованието и колку е штетно за општеството, не е потребно одделно да се докажува.

Со оглед на сè што е напред речено, натамошниот развој и квалитативен раст на воспитно-образовната дејност во социјалистичкото самоуправно општество е можен преку развојот на содржајни самоуправни односи низ самиот процес на овој специфичен труд низ повеќе меѓусебно поврзани самоуправни облици од основните работни единици сè до нужното поврзување со останатите области на општествениот труд и живот. Тоа е основната претпоставка за успех на секакви други реформи, како што се, на пример, реформите на наставните планови и програми и сл.

Stojan JORDANOSKI

## SOCIALIST SELF-MANAGING SOCIETY AND EDUCATION

### Summary

After the War of Liberation, the Yugoslav socialist revolution developed mainly on the basis of original Marxist science, with its own specific features and then ater the conflict with the Cominform, developed from the critical attitude towards Stalin's revision and dogmatisation of the Marxist Theory and practice. Because of the above conflict and after the relatively short period of revolutionary etatism the socialist self-managing system was introduced.

The concept of the socialist self-managing society is based on the transformation of state property into social property, on the process of decentralization and de-etatisation i.e. on the development of a socialist democracy..

---

[4]) „Политика" од 20. II 1983 год. (Незадовольство с разлогом).

There is no daubt that such a transformation of the society is a very complex process; hence its gradual development resulting in divergances arising throughout the process. Thus, for example, the moral stimulus has not been developed enough, whereas the material stimulus has further advanced. There also exist divergences within the transformed sell-managing educational system.

This activity exist in the very essence of the concept of self-management because it presupposes that direct control is not a creative power but that „in the conditions of the social means of production only the individual's conscious will to work can act as this power, and it results from his own personal economic and moral interests" (Kardelj). However, the individual's liberated creative power requires a „permanent", social and professional education". It is understood that this can only be realised within the entire educational system, which for this purpose must be set up on the foundations of self-management.

It can be argued whether the forms of self-management are abequate enough for the specific feature of labour in the field of socialization and education. This feature is very important for the overcoming of the objective antagonisms present within the relations in the labour process. It further means that if the forms of self-management are not adequate enough there will emerge weaknesses both within labour itself and within the relations with the other spheres of labour i.e. with the society as a whole.